ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 08-175/1
31.01. 2023 год.
КРАТОВО

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА НА ОПШТИНА КРАТОВО И ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НАПРИВАТНИТЕ ВОЗИЛА ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ НА ОПШТИНА КРАТОВО

Кратово, ноември 2022

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 08-175/1
31-01-2023 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.02/05), како и член 31 од Статутот на Општина Кратово („Службен гласник на општина Кратово“ бр. 09-1211/1 од 25.07.2019 година) Градоначалникот на Општина Кратово донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КРАТОВО И ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИВАТНИТЕ ВОЗИЛА ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ НА ОПШТИНА КРАТОВО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој правилник се пропишува начинот на користење, управување и одржување на службените возила кои се во сопственост на општина Кратово (во натамошниот текст: Општината) и начинот на користење на приватното возило за службените потреби на Општината, начинот на полнење на гориво во службените возило во сопственост на Општината и кои лица може да полнат гориво во службените возила во сопственост на општината.

**Член 2**

(1) Службено возило во смисла на овој правилник е секое патничко моторно возило кое е во соптвеност, односно се користи за службени потреби на Општината (во натамошниот текст: службено возило).

(2) Приватно возило во смисла на овој правилник е патничко моторно возило во приватна сопственост што го користи вработениот во општината за службени потреби на Општината (во натамошниот текст: корисник).

(3) Службени потреби во смисла на овој правилник се дејствија во функција на извршување на надлежностите на Општината.

(4) Корисници на службени возила во смисла на овој правилник се носителите на јавни функции во Општината што имаат овластување од Градоначалникот или од него овластено лице за користење службени возила, за службени потреби.

(5) Службените и приватните возила се користат за службени потреби/патувања на Општината на територијата на Република Северна Македонија и странство.

(6) Службените и приватните возила можат да се користат и за превоз на пратки и материјали, превоз до и од местото на тргнување односно пристигнување на други превозни средства (аеродром, железничка или автобуска станица во Република Северна Македонија).

(7) Службените возила на Општината не смеат да се користат за одење до и за враќање од работа или за други приватни потреби.

## II. СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА

**Член 3**

(1) Службеното возило може да се користи само за службени потреби во смисол на превоз на градоначалникот и вработените во општинската администрација до и од надлежната иснтитуција заради реализирање на службените активности во земјата и странство како и за извршување на секојдневни службени работи, предавање и разнесување на пошта, материјали и опрема, учество на обуки, превезување на гости и делегации, учество на работни состаноци и други работи согласно закон.

(2) За службени потреби, градоначалникот има право на 24 часовно користење на службеното возило со или без возач.

## III. ПРИВАТНИ ВОЗИЛА

**Член 4**

(1) Приватните возила може да се користат за извршување на службени работи, за службени потреби на Општината доколку во моментот на реализацијата на службените работи, службените возила на Општината не се достапни за користење, односно веќе се ангажирани или не се вовозна состојба.

(2) Користењето на приватно возило за службени цели може да се користи по претходно донесена одлука од Градоначалникот на општината или лице овластено од него, во која се наведени типот и марката на возилото, бројот на регистарската табличка, име и презиме на корисникот и дестинација за патување.

(3) Во услови кога има потреба од користење на приватно возило на градоначалникот за службени цели односно е во функција и за потребите на Општината, одлучува Секретарот на Општината.

(4) Вработениот кој по налог на работодавачот се упатува на службено патување со користење на приватно возило има право на надомест во висина од 20% од цената на литар гориво што го користи возилото за секој изминат километар.

(5) Исплатата на надоместокот се врши по доставување на соодветна документација до Одделението за финансиски прашања на Општината и тоа: одлука за користење на приватното возило за службени потреби, патен налог, приложени сметки за патарини, паркинг и слично, фискална сметка за наполнето гориво, други документи кои се на товар на општината (сместување, ноќевање и слично), одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија важечка на денот на користење на приватното возило.

(6) Исплата може да се врши и преку задолжување на картичка за набавка на нафтени деривати од носителот на набавката со кој има склучено договор општината. При

исплатата на овој вид на надоместок соодветно се применуваат одредбите на Законот за персонален данок на доход.

(7) Трошоците за одржување на приватното возило што евентуално би настанале на возилото при извршување на службените потреби, паѓаат на товар на сопственикот на возилото.

**Член 5**

(1) Средствата за користење на службеното и приватното возило за службени цели за потребите на општина Кратово се обезбедуваат од Буџетот на Општината Програма АО - Совет на општина и ЕО Општинска администрација, расходна ставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт потставка 421410 Горива и масла.

**Член 6**

(1) Службеното возило смее да се управува само доколку е технички исправно и регистрирано.

(2) Управувањето со возилото по правило се врши во рамки на работното време на Општината, а по исклучок и вон работното време.

(3) При секое користење на службеното возило се издава патен налог во писмена форма кој ги содржи следниве податоци:

- име и презиме на лицето кое го користи возилото;
- видот и регистарски број на возилото;
- релација на движење - почеток и крај;
- опис на задачата на службеното патување;
- час на поаѓање и час на враќање;
- почетна и крајна километража.

(4) Корисникот го доставува патниот налог за службеното патување до Одделението за финансиски прашања, заедно со документите од патарина, паркинг и слично.

**Член 7**

(1) Корисниците на службените возила се должни одобрено, наменско, одговорно, и рационално да ги користат, со внимание на добар домаќин, внимателно да управуваат со возилата, придржувајќи се на техничките нормативи и прописи со кои се уредува патниот сообраќај и водејќи грижа за хигиената и техничката исправност на возилата.

**Член 8**

(1) Полнењето со гориво за службените возила во сопственост на општината се врши на бензинска станица на економскиот оператор избран во постапка на јавна набавка.

(2) Лицето кое полни гориво се раздолжува со документ за наполнето гориво (испратница каде што е наведено регистрација и километража) во Одделението за финансиски прашања во општината.

**Член 9**

(1) Плаќањето на гориво за потребите на општината се врши по фактури.

(2) Во возилата можат да полнат гориво Градоначалникот на општината, овластени административни службеници, командирот на ТППЕ Кратово, вработени лица со посебни овластувања од градоначалникот и возачите во општинската администрација.

**Член 10**

(1) Трошоците за патарина, паркинг и слично се надоместуваат врз основа на приложена фискална сметка, талон или друга соодветна документација која се доставува како дел од издадениот патен налог и се доставуваат до Одделението за финансиски прашања на општината.

**Член 11**

(1) Општинската администрација води евиденција за службените возила во општината.

(2) Неовластеното користење на возилата и непочитување на одредбите од овој Правилник преставува кршење на работната дисциплина и повлекува дисциплинска одговорност.

**Член 12**

(1) За се што не е наведено во овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 13**

(1) Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Кратово.

**Градоначалник на општина Кратово**
**Тодорче Николовски**